**<u>Образец бр.1</u>**

**План за спроведување**
**на проценка на влијание на регулативата**

| | |
|---|---|
| Наслов на предлог законот: | Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешна пловидба |
| Министерство: | Министерство за транспорт и врски |
| Лице за контакт/одговорно лице: | Злата Дукоска<br>3 145 411 |
| Очекуван датум за усвојување на предлог законот: | Декември 2010 година |
| Поврзаност со ЕУ директиви | нема |

**Дел 1: Почетна проценка на влијанието на регулативата и планирање на работата**
(забелешка: овој дел е јавен и ќе се објави во Единствениот електронскиот регистар на прописи)

<u>А. Почетна проценка на влијанието на регулативата</u>

1. Кои се главните проблеми?
   Неусогласеност со Законот за вршење инспекциски надзор. Исто така, констатирани се непрецизности на одредени одредби од законот.

2. Кои се можните решенија (опции)? Кои регулаторни или нерегулаторни мерки би можеле да се разгледаат?
   Имајки ги во предвид мерките усвоени од страна на Владатана Република Македонија за унапредување на казнената политика  со Предлогот на законот предвидено е решение со кое се регулира прашањњето на едукација на субјектите кои не се придржуваат на одредбите на законот со кои се предвидуваат прекршочни санкции. Ваквото решение има за цел да делува превентивно на субјектите кои не постапуваат или постапуваат спротивно на законот. Со предложените решенија во Предлогот на законот се врши целосно усогласување со Законот за инспекциски надзор.
3. Кои се засегнатите страни кои ќе бидат вклучени во процесот на проценка на влијанието на регулативата?
   Секретаријатот за законодавство и Министерството за правда.

Б. Планирање на потребната работа за проценка на влијанието на регулативата

1. Кои информации и податоци се веќе достапни?

   Законот за инспекциски надзор и писмени сугестии и предлози од Секретаријатот за законодавство и писмени сугестии од Министерство за правда..

   Кои дополнителни информации и податоци треба да се соберат?

   Нема дополнителни информации.

2. Кој тип и ниво на проценка е потребно (Иницијална или Комплетна проценка на влијание на регулативата - принцип на пропорционална анализа)?

   Иницијална проценка на регулативата.

3. Дали ќе се формира меѓуресорска работна група за спроведување на проценка на влијание на регулативата и кои институции ќе се вклучат?

   Не.

**Дел 2: Подетално планирање, вклучително со време и ресурси**
(забелешка: овој дел е за интерна употреба на Владата на Република Македонија)

В. Временска рамка

1. Кога ќе започнат активностите за проценка на влијанијата на регулативата?

   Активностите започнаа во октомври 2010 година.

2. Ако се планира вклучување на надворешни консултанти (на пример за аналитички студии, собирање на информации, итн.), која е временската рамка предвидена за процесот на набавка и договарање?

   Нема потреба од вклучување на надворешни консултанти.

3. Кога предлог законот и проценката на влијанието на регулативата ќе бидат поднесени до Генералниот секретаријат?

   Во декември 2010 година

Г. Ресурси

Во проценката на влијанието на регулативата вклучени се претставници од Министерството за транспорт и врски и други државни органи.